20260981501

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став (1) точка 2 потточка 2.13, член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, а во врска со член 213 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА ПЕРИОД ОД 2026 ДО 2035 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026 до 2035 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

2. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Планот за развој на системот за пренос на природен гас за период од 2026-2035 година од точка 1 на оваа одлука да го објави на својата веб страна.

3. Оваа одлука се доставува до Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП 1 бр. 11-473/3
7 мај 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов,** с.р.

Прилог:

- План за развој на системот за пренос на природен гас за период од следните десет години на Номагас АД Скопје бр.01-478/2 од 24 април 2026 година.